АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

за спроведување на Конвенцијата за правата на детето
во Република Северна Македонија

АЛТЕРНАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

за спроведување на Конвенцијата за правата на детето
во Република Северна Македонија

Коалиција на младински организации СЕГА
Прилеп, август 2020 година

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Алтернативен Извештај за Конвенцијата за правата на детето во Северна Македонија“, поддржан од Детската фондација Песталоци, а имплементиран од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА.
Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Детската фондација Песталоци.

Наслов
Алтернативен извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Северна Македонија

Издавач
Коалиција на младински организации СЕГА

Автори

Елизабета Марковска Спасеноска
Марија Нашоковска
Зоран Илиески
Томислав Гајтаноски
Моника Илиоска Кантарџиоска

Лектура
Катица Трајкова

Дизајн
Викторија Смилеска

Печатница
ТД ТУ КИТО

Тираж
100 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.231.14-053.2(497.7)(047.31)

АЛТЕРНАТИВЕН извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Северна Македонија / [автори Елизабета Марковска Спасеноска ... и др.]. - Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА, 2020. - 38 стр. : табели ; 30 см

Публикацијата е во рамките на проектот: "Алтернативен извештај за Конвенцијата за правата на детето во Северна Македонија". - Фусноти кон текстот. - Други автори: Марија Нашоковска, Зоран Илиески, Томислав Гајтаноски, Моника Илиоска Кантарџиоска

ISBN 978-608-4631-14-9

1. Марковска Спасеноска, Елизабета [автор] 2. Нашоковска, Марија [автор] 3. Илиески, Зоран [автор] 4. Гајтаноски, Томислав [автор] 5. Илиоска Кантарџиоска, Моника [автор]
а) Конвенција за правата на детето - Имплементација - Македонија - Извештаи

COBISS.MK-ID 51818501

СИТЕ ПОИМИ КОИ ВО ДОКУМЕНТОТ СЕ УПОТРЕБЕНИ ВО МАШКИ ГРАМАТИЧКИ РОД ОПФАЌААТ МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ НА ЛИЦАТА НА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ.

СОДРЖИНА

Листа на скратеници 4
Извршно резиме 5
I. Методологија за подготовка на извештајот 7
II. Генерални мерки на имплементација 8
1. Анализа на состојбата 8
1.1. Правна и институционална рамка 8
1.2. Капацитети на институциите 9
1.3. Дистрибуција на КПД 12
2. Коментар на извештајот од државата 12
3. Препораки 13
III. Генерални принципи 14
1. Анализа на состојбата 14
1.1. Принцип на недискриминација 14
1.2. Почитување на ставовите на детето 16
2. Коментар на извештајот од државата 18
3. Препораки 18
IV. Граѓански права и слободи 19
1. Анализа на состојбата 19
1.1. Пристап до соодветни информации, слобода на мисла и изразување 19
1.2. Право на здружување и мирно собирање 21
2. Коментар на извештајот од државата 22
3. Препораки 22
V. Насилство кон децата 22
1. Анализа на состојбата 22
2. Коментар на извештајот од државата 24
3. Препораки 24
VI. **Образование, забава и културни активности** 25
1. Анализа на состојбата 25
1.1. Пристап до образование 25
1.2. Квалитет на образованието и интеркултурно образование 31
2. **Коментар на извештајот од државата** 33
3. **Препораки** 34
VII. Прилози 35

ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

Коалиција СЕГА – Коалиција на младински организации СЕГА

КПД – Конвенција за правата на детето

ПОП – Посебни образовни потреби

ГО – Граѓански организации

МОН – Министерство за образование и наука

БРО – Биро за развој на образованието

МТСП – Министерство за труд и социјална политика

НП – Народен правобранител

ООН – Организација на Обединетите нации

СЗО – Светската здравствена организација

МЦГО – Македонски центар за граѓанско образование

ПЦФ – Детска фондација Песталоци/ДФП– Детска фондација Песталоци

Меѓаши – Прва детска амбасада во светот Меѓаши

МОФ – Младински образовен форум

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Коалицијата на младински организации СЕГА (Коалиција СЕГА)[1] го поднесува овој Алтернативен извештај за спроведување на Конвенцијата за правата на детето во Република Северна Македонија (КПД) со цел да ја прикаже состојбата со примена и почитување на правата од КПД регулирани со членовите 2, 4, 12, 13, 14, 15, 19, 28 и 29. Како основа за подготовка на овој извештај Коалицијата СЕГА, во соработка со консултантската фирма Стратешки менаџмент системи, дизајнираше и спроведе сеопфатно теренско истражување со деца, наставници и со претставници на училишта, центри за социјална работа, граѓански организации, национални институции и со меѓународни организации. Податоците од истражувањето, надополнети со анализа на клучните документи и закони, го овозможија формулирањето на заклучоците и препораките прикажани преку овој извештај. Граѓанските организации (ГО), Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО)[2] и Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците„[3] изготвија посебни извештаи и дадоа свој удел во подготовката на овој извештај преку презентирање информации и анализи релевантни за сегментот Генерални мерки на имплементација и Образование, забава и културни активности. Ова е втор Алтернативен извештај поднесен од Коалицијата СЕГА, додека првиот беше поднесен во 2009 година[4].

Во изминатата деценија по издавањето на препораките од Комитетот на ООН за правата на детето кон вториот периодичен извештај поднесен од државата Република Северна Македонија, Коалицијата СЕГА се насочи кон редовен мониторинг на состојбите, но преземаше и активности за подобрување на примената на КПД, пред сè во однос на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштата. Може да се заклучи дека долгогодишните активности што ги преземаше Коалицијата СЕГА преку своите проекти, поддржани пред сè од Детската фондација Песталоци на полето на учество на децата во процесите на донесување одлуки, резултираа со плод така што во 2019 година беше усвоен нов Закон за основно образование во чиј фокус беше токму регулирањето на учеството на децата во донесувањето на одлуки во училиштето и процесот на сеопфатна инклузија на децата во образованието.

Состојбите во училиштата укажуваат на потребата од понатамошно дејствување со цел да се опфатат што е можно поголем број училишта во кои би се примениле моделите на учество и би се зајакнувале капацитетите на децата, наставниот кадар, педагошко-психолошките служби и на раководствата на училиштата. Овие потреби се посебно изразени во средното образование каде што сè уште не е донесен нов закон со кој дополнително ќе се уреди учеството на децата во донесувањето на одлуки по примерот на Законот за основно образование.

Во текот на изминатава декада расте дискриминацијата и насилството помеѓу врсниците во училиштата. Согласно со информациите што се добиени преку спроведеното истражување, меѓуврсничкото насилство и дискриминацијата се особено застапени во киберпросторот и оттаму речиси се недостапни како за идентификување така и за постапување од страна на кадарот во училиштата.

[1] Повеќе за активностите на Коалицијата СЕГА може да се најде на: https://www.sega.org.mk/en/about-us/about-sega
[2] Повеќе за активностите на МЦГО може да се најде на: https://www.mcgo.org.mk/
[3] Повеќе за активностите на Отворете ги прозорците може да се најде на: https://openthewindows.org/
[4] https://sega.org.mk/images/pdf/2009_-_Alternative_report_CRC_Coalition_SEGA_Macedonia.pdf

Цениме дека државата прави заложби за подобрување на заштитата на децата од насилство, но таквите напори освен на семејното насилство, потребно е да бидат повеќе фокусирани и кон меѓуврсничкото насилство за кое има многу малку информации и податоци. Проблемот е широко признат и прифатен од страна на училиштата што беа вклучени во истражувањето, кои иако располагаат со основни програми и правилници за оваа област, сепак укажуваат на потребата од градење на капацитети кај нив за справување со овој вид насилство.

Пристапот до образование е горлив проблем во општеството. Иако можат да се забележат континуирани напори од страна на државата за поголем опфат на сите деца во образованието, сепак отсуствува систематичност во процесот и системски промени. Го цениме континуитет што го обезбедува државата преку социјални и финансиски мерки, стипендирање и туторство со цел да се опфатат децата во образованието и да се намали осипувањето, но тие мерки не го прекинуваат маѓепсаниот круг на маргинализираност и сиромаштија во кој живеат децата што се надвор од системот. Недостигот на евиденција на децата што се надвор од образовниот процес, посебно на децата од ромска националност, како и на децата со посебни образовни потреби (ПОП), е еден од главните проблеми, кој останува нерешен и кој и понатаму доведува до несоодветни, ад хок и делумни решенија. Потребно е поголемо залагање на национално ниво со цел да се зајакне капацитетот на наставниот кадар и пред сè капацитетот на педагошко-психолошките служби за работа со деца што биле надвор од образовниот процес, како и со деца со ПОП.

Финансиските издвојувања што ги прави државата за поддршка на образовните реформи од година во година се намалуваат. Особено загрижуваат податоците за континуиран пад на квалитетот на наставата и содржините за учење, факт кој е нотиран од страна на децата, наставниот кадар, раководствата на училиштата и од инспекциските служби на државата. Технолошката опременост на училиштата е на ниско ниво. Поголеми технолошки инвестиции во училиштата не се направени по завршување на проектот *Компјутер за секое дете*, а особено недостига асистивна технологија и услови за работа со децата со ПОП. Инфраструктурата на училишните објекти е стара, при што училиштата генерално се непристапни, како надворешно така и внатрешно.

Коалицијата СЕГА преку заклучоците и препораките наведени во ова резиме и низ извештајот сака да укаже на приоритетните прашања што треба да се решаваат во следниот период од страна на државата и во соработка со граѓанските и меѓународните организации и бара поддршка и од Комитетот на ООН за правата на детето со цел заеднички да се застапува по наведените приоритети. Непостоењето на национално координативно тело за правата на детето изминатиов период негативно се одрази токму во поглед на координацијата на институциите и напорите на полето на правата на детето, па затоа воспоставувањето на вакво тело и подготовка на национален акциски план е од особена важност како за подобрување на состојбите така и за координирано дејствување.

I. Методологија за подготовка на извештајот

За подготовка на овој алтернативен извештај Коалицијата СЕГА, во соработка со Стратешки менаџмент системи, дизајнираше сеопфатно национално истражување со цел да ги прибере и да ги анализира податоците за селектираните членови на КПД. Истражувачките методи што беа испланирани претрпеа приспособување поради новонастаната состојба со пандемијата КОВИД 19. Најмногу измени претрпе анкетата планирана со деца, која поради затворањето на училиштата се спроведе електронски, а фокус-групите со деца што беа планирани воопшто не се одржаа. За проценка на нивото на напредокот во училиштата што беа вклучени во проектите спроведувани од Коалицијата СЕГА од 2011 година досега (проектни училишта), истражувањето користеше компаративна анализа со училиштата што не беа дел од проектната интервенција. Истражувањето ги опфати следниве постапки:

Анализа на релевантното законодавство
Процесот на прибирање на податоци ги анализираше законските измени и напредокот спроведен во изминатите десет години до крајот на 2019 година. Законодавството ги опфати сите закони и подзаконски акти што се релевантни за селектираните членови. Посебен фокус беше ставен на анализата на изработени национални и локални документи кои содржат поширока рамка во областа на правата на децата. Овој опсег вклучува стратешки документи, акциони планови, анализи, извештаи, дадени препораки, извештаи од евалуации и др. од државните институции, како и домашни ГО, меѓународни организации и донатори.

Анкети
Анкетата со деца се спроведе онлајн на национално ниво во сите осум региони во земјата во 25 општини. Исто така се спроведе онлајн анкета со наставници од основни и средни училишта.

Интервјуа
Се спроведоа интервјуа со националните и локалните институции, како и со активните ГО со цел да се утврди перспективата за спроведување на КПД за сите членови. Истражувачкиот тим подготви листа на претставници од релевантните институции на локално и на национално ниво, додека тимот на Коалицијата СЕГА подготви листа на граѓански организации што се активни во областа на правата на децата.

Студии на случај и раскажување приказни (story-telling)
Овој метод беше делумно интегриран со интервјуата за да се идентификуваат студии на случај и преку метод на раскажување приказни во најмалку 4 полиња (недискриминација, право на учество и здружување, насилство и пристап и квалитет на образование).

Примерок и опфат на истражувањето
Во истражувањето беа вклучени 1 606 деца преку спроведување на онлајн анкета, а врз основа на дефинирани критериуми за возраст (10 – 17 години), пол (подеднаква застапеност на машки и женски) и етничка припадност (според достапност, но со тенденција да се запази процентот на етничка застапеност на ниво на секој регион). Исто така, преку спроведување на онлајн анкета беа вклучени 350 наставници од основното и средното образование. На национално ниво се спроведоа интервјуа со Министерство за образование и наука (МОН), Народниот правобранител (НП), Бирото за развој на образованието (БРО) и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија. Во истражувањето на локално ниво, кое се спроведе во 25 општини во сите 8 региони, учествуваа вкупно 110 училишта, 48 граѓански организации и 21 центар за социјална работа.

Исто така за потребите на истражувањето беа обучени 24 деца анкетари, кои за жал поради новонастанатата ситуација со пандемијата не беа во можност да работат на терен со своите врсници. За спроведување на истражувањето на локално ниво беа обучени и вклучени вкупно 25 локални истражувачи.

II. Генерални мерки на имплементација

1. Анализа на состојбата

1.1 Правна и институционална рамка

Согласно со препораката на Комитетот на ООН за понатамошна синхронизација на легислативата со одредбите на Конвенцијата (параграф 9), може да се констатира дека постои извесно унапредување и приспособување кон КПД за областите што се во фокусот на Коалицијата СЕГА и партнерските организации, МЦГО и Отворете ги прозорците. Во изминатата декада се донесени неколку нови закони и се направени повеќе измени во клучните закони што се релевантни за фокусот на оваа анализа. Во 2013 година е донесен **нов Закон за заштита на децата, како и Закон за правда на детето**. Во 2016 година се донесени **измени во Законот за народен правобранител** со кој се основа посебно одделение за заштита на правата на децата и лицата со попреченост. Во 2019 година е донесен **нов Закон за основно образование** со кој меѓу другите измени се регулира и правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштата. Исто така со овој Закон се става особено акцент на инклузијата на децата во образовниот систем. Донесена е и Концепција за инклузивно образование со која се операционализираат одредбите од Законот за основно образование.

Согласно со препораката на Комитетот на ООН за зајакнување на улогата на Комисијата за заштита на правата на детето, зголемување на капацитетите и ресурсите и одвојување на посебни средства за иплементација на Националниот акциски план (параграфи 11 и 13), може да се заклучи дека не се преземени никакви чекори. Изминативе 10 години **не се забележани активности ниту иницијативи од страна на државата за реформа на некогашната Комисија за заштита на правата на детето**. Може да се заклучи дека **Комисијата не функционира** со што **отсуствува координиран пристап на државата** во однос на спроведувањето на КПД.

Во 2016 година е **воспоставено Национално меѓуресорско координативно тело за заштита и превенција на деца од злоупотреба, насилство и занемарување** со што е направен исчекор во поглед на **координацијата на државните политики што се однесуваат на член 19** од КПД.

Во однос на 2009 година, во 2019 година согласно со добиените податоци од НП **повеќе од 100 % е зголемен бројот на претставки** за повреда на детските права што се поднесени до НП. И додека од една страна оваа ситуација укажува на зголемена свесност за пријава на кршењето на правата на детето, од друга страна, за жал, може да се констатира **континуирано кршење на правата на детето.**

1.2 Капацитети на институциите

Согласно со препораката на Комисијата за зајакнување на капацитетите на институциите за проширување на обуките на лицата што ја спроведуваат КПД, како и за сите оние што спроведуваат активности со деца, (параграф 23), Коалицијата СЕГА се фокусираше на капацитетите на наставниот кадар во училиштата.

Право на учество на децата во донесување одлуки

Капацитетите на институциите, пред сè училиштата, во однос на познавање на детските права воопшто се зајакнати, но сепак оваа констатација важи само за селектиран дел од училиштата од кои беа добиени директни податоци. Состојбите што беа затекнати на терен во 2009 година кога Коалицијата СЕГА спроведуваше мапирање и истражување за капацитетите на институциите[5] покажаа скромни познавања кај наставниците и раководството на училиштата во однос на правата на детето. Согласно со наодите од теренското истражување што го спроведе Коалицијата СЕГА во периодот април – јуни 2020[6] година може да се утврди **напредок во капацитетите на наставниците и раководните органи во училиштата учесници во истражувањето.** Имено, 91 % од наставниците од основните и средните училишта вклучени во истражувањето изјавија дека ја користат КПД во својата работа. Исто така, 47 % од наставниците изјавија дека многу добро се запознаени со детските права, додека 41 % од испитаните наставници укажаа дека раководството во училиштата е многу добро запознаено со почитувањето и примената на детските права.

Исто така, согласно со спроведеното истражување, има **евидентен напредок во однос на капацитетите на институциите, т.е. училиштата за примена и почитување на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштата**.

79 % од вклучените наставници истакнаа дека редовно или делумно се вклучени во активностите за зајакнување на учеството на децата во донесувањето на одлуки. Со цел да се зајакнат капацитетите на училиштата за примена на одредбите за учество на децата во донесувањето на одлуки, Коалицијата СЕГА и БРО изготвија Ресурсен пакет за ученичко учество по кој беа обучени 18 советници кои спроведоа 166 посети и ги подготвуваа наставниците и раководствата. Во јануари 2020 година согласно со Законот за основно образование, Коалицијата СЕГА и БРО подготвија Водич[7] за примена на законот и спроведоа серија обуки во 30 училишта за наставниците.

Согласно со спроведеното истражување на Коалицијата СЕГА може да се констатира дека половина од опфатените наставници посетиле 1 – 2 обуки на тема учество на децата во донесувањето на одлуки. Обуките повеќе беа насочени кон основното образование, бидејќи може да се забележи дека во поголем дел од **средните училишта** што беа опфатени со истражувањето **недостигаат капацитети** кај наставниците, раководството и кај децата за примена и почитување на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштето.

[5] „Анализа на спроведувањето на детските права во Република Македонија“, Коалиција на младински организации СЕГА, јануари 2010 г., достапно на македонски јазик на: https://sega.org.mk/images/pdf/2010_-_Glavna_analiza_na_istrazuvanje.pdf
[6] „Анализа на спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето“, Коалиција на младински организации СЕГА, јули 2020 г., достапно на македонски јазик на: https://sega.org.mk/images/pdf/2020_Glavna_Analiza_na_sproveduvanje_na_KPD.pdf
[7] Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта – Коалиција на младински организации СЕГА, 2020 г., достапно на македонски јазик на: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Vodic-za-ucenicko-uchestvo-i-organiziranje_MK.pdf

Податоците што се презентирани се однесуваат на 110 основни и средни училишта од кои Коалицијата СЕГА спровела активности во 30 училишта (15 основни и 15 средни). Во отсуство на државни политики и мерки за зајакнување на примената и почитувањето на ова право **остануваат голем број училишта во кои постои потреба за зајакнување на капацитетите, а кои воопшто не биле опфатени со некакви активности на ова поле.**

Заштита од насилство

Во изминатиот период, а особено по воспоставувањето на меѓуресорското тело за превенција на децата од злоупотреба, насилство и занемарување се преземени одредени мерки за справување со насилство во училиштата. Училиштата учесници во истражувањето изјавија дека имаат програми за превенција од насилство, а мал дел од училиштата истакнаа дека вовеле и повисоки безбедносни мерки преку наследни системи и контрола на влезовите. Сепак, општ заклучок е дека училиштата **не се подготвени да се справат со проблемот на растечко насилство и со различните видови насилство** за што сведочат извештаите на НП и изјавите на интервјуираните училишта учесници во истражувањето што беше спроведено од Коалицијата СЕГА **според кои постои насилство и тоа е во постојан подем.**

Истражувањето на НП за состојбата со меѓуврсничкото насилство во основните училишта, за две учебни години, покажа дека во учебната 2016/2017 и 2017/2018[8] година во основните училишта вкупно се изречени 3 254 педагошки мерки поради насилство. Притоа, од вкупно одржани 17 061 советување, 570 советувања се со родител/старател затоа што ученикот учествувал во тепачка или други форми на насилство, 233 советувања се затоа што ученикот покажувал асоцијално или антисоцијално однесување, 197 советувања се поради неморално или неетичко однесување на ученикот.

На локално ниво, интервјуираните директори и претставници од центрите за социјална работа укажаа на потребата од поголема координација и соработка помеѓу нив и училиштата. Искуствата се различни – додека во некои места доминира ставот дека училиштата се главно затворени по ова прашање и не го пријавуваат насилството до центрите, во други места особено се истакнува напредокот во поглед на подобрена соработка помеѓу центрите и училиштата кога има случаи на насилство. Центрите најчесто постапуваат по пријава за насилство или по допрен глас или доколку при нивната работа на терен утврдат дека се работи за насилство. Се издвојуваат одредени места (на пример Прилеп) каде што и претставниците од некои училишта и од центарот за социјална работа истакнаа голем број примери на насилство помеѓу децата во училиштата (на пример 50 – 100 случаи годишно, во споредба со 10 случаи на други места).

Вештините на наставниците, а посебно на педагошко-психолошката служба за препознавање и справување со различни видови насилство се мошне ограничени и тоа како на ниво на основните училишта така и на ниво на средните. **Отсуствуваат планирани обуки за зајакнување на капацитетите на наставниците и раководствата на училиштата**, како и соодветни водичи, насоки и информативни материјали со кои ќе се зајакне координацијата и дејствувањето ќе се издигне на повисоко ниво.

[8] Посебен извештај од спроведеното истражување за насилство меѓу учениците во основните училишта (меѓуврсничко насилство), Народен правобранител, достапен на македонски јазик на: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2019/Poseben%20izvestaj-Megjuvrsnicko%20nasilstvo-10.2019%20.pdf

На ниво на образовни политики **не постои соодветен пристап за превенција на врсничко насилство, говор на омраза, психолошко и социјално насилство**. Има издвоени еднократни едукативни активности во одредени училишта преку кои се зголемува свеста кај учениците за препознавање на различните видови насилство, но сепак во практиката превенцијата и справувањето отсуствуваат. Во јуни 2020 година МОН донесе Упатство за постапување на училиштата во случаи на насилство[9] по кое ќе биде особено важно да се обучат наставниците, како и педагошко-психолошката служба. Но освен ова најново Упатство, **отсуствуваат функционални механизми, јасни и задолжителни протоколи** за пријавување и спречување на насилство од страна на локалните институции. Иако се чини дека сите институции си ја знаат својата улога во поглед на третманот на насилството, сепак евидентни се многу проблеми, како на пример **непријавување на насилство од страна на училиштата, пријавување во многу доцна фаза, немање ингеренции кај училиштата за теренска работа, реактивна наместо проактивна улога, како на училиштата така и на центрите за социјална работа.**

Инклузија на децата со ПОП во образовниот систем

Новиот Закон за основно образование од 2019 година, со кој фокусот се става токму на инклузија на децата во образовниот систем, претставува **вистински предизвик за наставниците и раководствата на училиштата, пред сè од аспект на нивните капацитети за работа со деца со ПОП**.

Отсуствуваат лиценцирани обуки за наставниците за работа со деца со ПОП, како во основните така и во средните училишта. 54 % од наставниците учесници во истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА изјавија дека многу ретко или никогаш не биле вклучени во обуки за работа со деца со ПОП. Иако **дел од алатките за работа со децата се обезбедени и донекаде функционираат**, како на пример воспоставување училиштен тим за инклузија или пак изготвување на индивидуални образовни планови за работа со деца со ПОП, сепак капацитетите за соодветна процена, планирање, реализирање и евалуација на напредокот кај наставниците отсуствуваат.

Училиштата се задоволни и сметаат дека **образовните асистенти се соодветна поддршка за учениците со ПОП**, но моменталните капацитети не ги задоволуваат потребите на сите ученици со ПОП кои имаат потреба од овој тип на поддршка. Исто така отсуствуваат капацитети кај наставниците во основното и средното образование за подготовка на индивидуални образовни планови, а голем дел од училиштата истакнаа дека немаат доволно стручен кадар, односно дефектолози, логопеди и сл.

Училиштата се задоволни и сметаат дека **образовните асистенти се соодветна поддршка за учениците со ПОП**, но моменталните капацитети не ги задоволуваат потребите на сите ученици со ПОП кои имаат потреба од овој тип на поддршка. Исто така отсуствуваат капацитети кај наставниците во основното и средното образование за подготовка на индивидуални образовни планови, а голем дел од училиштата[10] истакнаа дека немаат доволно стручен кадар, односно дефектолози, логопеди и сл.

[9] Упатство за постапката за пријавување ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука, јуни 2020 г.

[10] Холистички извештај за човековите права на лицата со попреченост во Република Македонија во рамките на проектот „Слушнете го нашиот глас“, финансиран од ЕУ, достапен на македонски јазик на: https://civicamobilitas.mk/wp-content/uploads/2018/03/0._holisticki_izvestaj_za_licata_so_poprecenost_vo_makedonija-mk.pdf

Во две училишта од интервјуираните беше потенцирано дека **сè уште постојат и работат посебни паралелки за децата со ПОП.**

Има **минимални исчекори во поглед на опременоста на училиштата за работа со деца со ПОП,** но тие се многу ретки. Се чини дека училиштата се оставени сами на себе во обезбедувањето на средства со цел да го направат просторот пристапен и да одговорат на законските барања. **Разликите помеѓу интервјуираните училишта во поглед на пристапноста се огромни**, од училишта што се комплетно пристапни и во внатрешниот дел и однадвор, па сè до училиштата што немаат речиси никакви услови. Посебен дел **преставува недостигот на дидактички средства, асистивна технологија, сензорни соби** и сл. Исто така, МОН нема воспоставено ниту стандарди за пристапност ниту пак тело што ќе врши проценка на пристапноста на училиштата.

1.3 Дистрибуција на КПД

Согласно со препораката на Комитетот на ООН за понатамошна дистрибуција на КПД и зголемување на свесноста за правата на детето (парагарф 21), Коалицијата СЕГА ги истражуваше видувањата на децата и наставниците за препознавање на КПД и правата на детето, користење на КПД во наставата, како и дистрибуција на КПД.

Согласно со наодите од истражувањето спроведено од страна на Коалицијата СЕГА**, има евидентен напредок во препознавањето на КПД** како документ за заштита на правата на детето во однос на наодите од анализата во 2009 година. При тоа повеќето деца што учат во училиштата што беа опфатени со активностите на Коалицијата СЕГА ја препознаваат КПД како документ за заштита на правата на детето.

Загрижува податокот дека **44 % од децата опфатени со истражувањето изјавија дека никогаш не ја виделе КПД**. Од друга страна, ова е една од клучните обврски на државата да ја дистрибуира КПД до децата.

65 % од децата истакнаа дека имаат делумни познавања за детските права. Исто така, според наставниците, детските права **делумно** се **застапени во наставните содржини.** Децата од сите наведени права што се дел од КПД, **најмногу го препознаваат правото на образование.** Но, се менуваат приоритетите и потребите на децата во однос на заклучоците од 2009 година. И додека во истражувањето од 2009 година второ по редослед право препознато од децата е правото да го кажат своето мислење, **во 2020 година второ право кое децата најмногу го препознаваат е правото на заштита од насилство, што може да упати на заклучок дека потребите на децата за заштита од насилство исто така се поголеми. Децата и наставниците од основните училишта опфатени со истражувањето покажаа поголема самодоверба во знаењата за правата на детето** и за КПД воопшто во споредба со средните училишта. Ова може да упати на заклучокот дека **дејствувањето во основните училишта се должи на систематски и континуиран пристап.**

2. Коментар на извештајот од државата

Во извештајот од државата не се опфатени информации поврзани со Комисијата за правата на детето, ниту пак има официјална информација кога и како е донесена одлука за престанок на ова тело. Освен измените во Законот за народен правобранител од 2016 година, од приложените информации во извештајот од државата евидентно е дека државата не спроведувала речиси никакви теренски активности на локално ниво со цел да ги зајакне капацитетите на институциите за познавање на детските права, особено правото на учество на децата во донесувањето на одлуки во училиштата.

Државата не известува за реализирани обуки со наставници поврзани со правото на учество во донесувањето на одлуки (иако такви биле спроведени од страна на БРО во 2017 и 2018 година), заштита од насилство и инклузија на децата со попреченост во образовниот систем. Исто така, државниот извештај не ги нотира ниту Ресурсниот пакет за ученичко учество ниту пак Водичот за ученичко учество како механизми преку кои БРО и Коалицијата СЕГА работеа на зајакнување на капацитетот на наставниците и училиштата.

Може да се констатира дека целокупниот напредок на состојбата во делот на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки се должи пред сè на активностите спроведени од страна на граѓански организации и конкретно на Коалицијата на младински организации СЕГА во соработка со 30 основни и средни училишта од сите региони на државата и БРО, а во рамки на проектот „Имплементација на КПД во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Детската фондација Песталоци.

3. Препораки

- Државата да воспостави **единствено Национално координативно тело** со надлежности за интегрално следење на имплементацијата на КПД во сите области. Телото би требало да учествува во подготовка на планови и селекција на приоритети што се однесуваат на децата и редовно да ја известува јавноста за состојбите со имплементација на КПД врз основа на утврдени показатели.

- **Да се забрза процесот на донесување на нов Закон за средно образование,** кој исто така ќе се базира на целосен опфат на децата во образованието по моделот на донесениот Закон за основно образование. Се препорачува **транспарентен и партиципативен процес за подготовка на законските одредби.**

- По примерот на претходната успешна практика на **обуки на наставниците преку БРО**, а со цел да се зајакнат капацитетите за примена на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки, се **препорачува да се испланираат и да отпочнат нови циклуси на обуки** со цел да бидат опфатени сите наставници, како во основното така и во средното образование.

- Неопходно е да се создадат **механизми и простор во нормативната рамка** за дефинирање и препознавање на различните **видови меѓуврсничко насилство, а посебно насилството што се појавува во киберпросторот.** Тој процес треба да биде проследен со зајакнување на капацитетите на училиштата, раководниот, стручниот и наставничкиот кадар во однос на примена на новите механизми, како и со надлежности за евиденција и теренска работа со цел да се намали насилството.

- Да се зајакне **соработката и координираното постапување на институциите на локално ниво во превенција и третман на меѓуврсничкото насилство** и тоа преку воведување нови правила за проактивно следење и постапување, како и преку унапредување на постојните протоколи и програми за постапување во случаи на меѓуврсничко насилство. Да се задолжат институциите редовно да ги следат состојбите и да известуваат по утврдени показатели.

- Факултетите што продуцираат наставен кадар да направат **ревизија на наставните програми со цел да ги вклучат теоретските содржини и практика за идните наставници** од областа на детските права. При тоа се препорачува посебен акцент да се стави на правото на учество на децата во донесувањето на одлуки, како и на интеркултурната димензија и инклузијата во образованието.

- **Континуирано да се обучуваат наставниците** за работа во инклузивно образование и за индивидуализација на наставата. Исто така, наставниците што веќе работат во образованието да се обучуваат особено во развивање и примена на индивидуални образовни планови, оценување на учениците што работат според индивидуален образовен план.

- Да се обезбеди целосна физичка пристапност на училишните објекти, согласно со меѓународните стандарди, вклучувајќи ги внатрешните простории и опреметоста со дидактички и други потребни средства и материјали за инклузивна настава. Во таа насока потребно е да се воспостават стандарди за пристапност до училишните објекти, опрема и до наставниот процес воопшто.

- **КПД да се дистрибуира до секое дете, како и до оние деца што не се вклучени во образовниот процес.** Да се обезбедат соодветни форми и услови за децата со ПОП да можат да ја прочитаат и да ја разберат КПД. Секоја учебна година Конвенцијата за правата на детето да биде застапена како посебна содржина при запознавање на децата на почетокот на учебната година, како во основното така и во средното образование. Да се употребат модели на врсничка размена и едукација.

- **Да се спроведат активности со родителите, локалните самоуправи и локалната заедница** со цел да се сензитивизира и да се подигне свеста за КПД и за нејзината практична примена.

III. Генерални принципи

1. Анализа на состојбата

1.1 Принцип на недискриминација

Согласно со препораката на Комитетот на ООН за понатамошно усогласување на легислативата за антидискриминација со вклучување на сите основи за дискриминација во согласност со меѓународнтие стандарди и воспоставување на тело за антидискриминација (прагграф 27), Коалицијата СЕГА ја истражуваше законската рамка и практиката во оваа област. Исто така, во овој дел се поместени и наоди во врска со спроведувањето на препораката за намалување на сегрегацијата (параграф 66 ц).

На 11.3.2019 година со вкупно 51 глас од вкупниот број на пратеници, Собранието го изгласа Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде што во член 3 се забранува секаква дискриминација од институциите и поединците по основ на возраст. Вака усвоениот Закон беше доставен до тогашниот претседател Ѓорѓе Иванов за потпишување на указот, но бидејќи тој не беше потпишан од претседателот поради името, повторно беше вратен во Собранието.

Оспорениот Закон беше ставен повторно на дневен ред на 16.5.2019 година и врз основа на член 75 од Уставот, Собранието повторно го разгледуваше. Законот истиот ден беше изгласан со 55 гласа со што се усвои без потребното уставно мнозинство од 61 глас. Уставниот суд на 14-тата седница одржана на 14.5.2020 година донесе одлука за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација[11]. Ваквата одлука на Уставниот суд доаѓа по иницијатива на претходниот состав на Комисијата за заштита од дискриминација за оценка на уставноста и законитоста на Законот, во која беше наведено дека оспорениот Закон бил донесен спротивно на чл. 75 од Уставот на Република Северна Македонија, односно не било обезбедено потребното уставно мнозинство за повторно изгласување на Законот. Исто така, во меѓувреме, во период од една година од усвојувањето до укинувањето на Законот, Собранието не ја формира Комисијата за заштита од дискриминација.

Законот за основно образование донесен во 2019[12] многу подетално ја третира заштитата од дискриминација и промоција на еднаквост и предвидува и афирмативни мерки за заштита од дискриминација. Според Законот, „во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование“ (член 5).

Согласно со спроведеното истражување од Коалицијата СЕГА, загрижува податокот дека **63 % од децата вклучени во истражувањето искусиле понижување во училиште од своите врсници.**

При тоа понижувањето како појава **бележи растечки тренд во однос на 2009 година кога согласно со направената анализа од Коалицијата СЕГА 54 % од децата вклучени во истражувањето изјавиле дека искусиле понижување. Искуствата кај девојчињата во однос на понижувањето и рамноправноста се полоши,** односно тие почесто се жртва на понижување и не секогаш се чувствуваат рамноправни за разлика од момчињата. Додека во истражувањето од 2009 година доминантен дел од децата кои изјавиле дека искусиле понижување **еднаш или повеќе пати се Роми,** во 2020 година доминираат Македонците.

Според наодите од истражувањето, причините за понижување најчесто се **успехот на училиштето, материјалниот статус и возраста**, а за девојчињата **и полот.** Загрижува податокот на сè уште присутната **дискриминација по етничка основа,** при што **Ромите и Турците** вклучени во истражувањето ова го наведуваат како втора важна причина за дискриминација. Оваа причина била подеднакво истакната како основа за дискриминација кај овие етнички заедници и во истражувањата од 2009 година.

[11] Соопштение на Уставен суд достапно на македонски јазик на: http://ustavensud.mk/?p=19103
[12] Закон за основно образование – Службен весник, бр. 161/2019, достапно на македонски јазик на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf

Согласно со податоците добиени од децата, наставниците и од раководствата на училиштата вклучени во истражувањето, **попреченоста кај децата не претставува причина за дискриминација.** 76 % од децата изјавија дека со своите врсници со попреченост се однесуваат исто како со другите, односно дека им помагаат полесно да се вклопат во околината.

Училиштата вклучени во истражувањето ја препознаваат дискриминацијата, но нема некои посебни постапки како се справуваат со неа. Етичките кодекси и правилници се единствениот начин преку кој училиштата се обидуваат да ја превенираат дискриминацијата. Училиштата сè уште истакнуваат примери на дискриминација на децата со попреченост и на децата од ромска националност и тоа пред сè од страна на родителите кои преку своите постапки даваат пример за дискриминирање. **Присутната сегрегација во образованието** кон ромските деца, децата со попреченост или кон посиромашните деца **често пати е резултат исклучиво на постапките на родителите кога тие ги отпишуваат децата од училиштата каде што учат доминантно Роми или пак од класови каде што се вклучуваат деца со попреченост.** Според нашите сознанија и наоди беа истакнати три случаи на сегрегација на деца од ромска националност и тоа во училишта во Битола, Штип и во Прилеп.

Децата го препознаваат ученичкиот правобранител (воспоставен како механизам за застапување на правата на детето преку активностите на Коалицијата СЕГА и НП) како механизам каде што, меѓу другото, може да се пријави и дискриминација, додека еден дел од наставниците ученичкиот правобранител го оценуваат **помеѓу најфункционалните форми во училиштето.**

1.2 Почитување на ставовите на детето

Препораката на Комитетот на ООН да се слушнат и да бидат прифатени мислењето и погледите на детето (параграф 31) е во фокусот на овој извештај, а исто така и на спроведеното теренско истражување, бидејќи директно се поклопува со мисијата на Коалицијата СЕГА.

Наодите од истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА **особено го прикажуваат напредокот во сегментот почитување на ставовите на детето и неговото право да учествува во донесувањето на одлуки.** Со поддршка на Детската фондација Песталоци, Коалицијата СЕГА по поднесувањето на Алтернативниот извештај во 2010 година се фокусираше на следење на спроведувањето на препораките од Комитетот на ООН дадени кон Република Северна Македонија во поглед на зајакнување на институционалната и законската рамка, а особено во поглед на учеството на децата и овозможувањето на еднаков пристап до образование. Исто така, со поддршка на Детската фондација Песталоци, Коалицијата СЕГА фокусирано работеше на подготовка и имплементација на механизмите за учество на децата во донесувањето на одлуки во селектиран број на основни и средни училишта на територијата на цела држава. И додека во наведениот период, од една страна, се зајакнуваат активностите на граѓанските организации и НП со цел да се примени правото на учество на децата во образованието, од друга страна може да се констатираат минимални активности од страна на државата и институциите за подобрување на состојбата со учество на децата во образовниот процес. Конечно, Коалицијата СЕГА во соработка со граѓанските организации, ПДАС Меѓаши и Младинскиот образовен форум поднесе предлог за измена на Законот за основно и Законот за средно образование во насока на регулирање на учеството на децата во образованието, што понатаму резултираше со промена на Законот за основно образование во 2019 година и регулирање на механизмите на учество.

Со новиот Закон за основно образование усвоен во 2019[13] се регулира правото на учество на децата, односно ученичкото учество е регулирано во член 68 преку ученичкиот парламент, кој меѓу другото активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, го промовира ученичкиот активизам, учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со ПОП, во реализација на наставата и воннаставните активности, учествува во подготовка на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, учествува во евалуацијата на работата на училиштето, преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Исто така, со Законот за основно образование се регулира изборот на претставници на училишната заедница во училишниот одбор, односно тие се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година. Во членот 68 се регулира ученичкиот правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение по пат на тајно гласање.

Во 2016 година НП спроведе истражување во 107 средни училишта[14] за да го испита остварувањето на правото на учество на децата во донесување одлуки во средните училишта. Истражувањето покажа ниско ниво на учество на средношколците во образовниот процес, нејасно уредена форма на здружување на средношколците и нивно учество во донесување одлуки за прашања што ги засегаат. Средношколците не се препознаени како субјект и фактор кој може да придонесе за ефикасно функционирање и работење на училиштето.

Во однос на општата состојба констатирана преку истражувањето во 2009 година **кога доминираат сè уште нејасни и неопределени ставови и познавања кај децата и останатите испитаници** во однос на правото на учество во донесување одлуки, во спроведеното истражување од Коалицијата СЕГА во 2020 година **познавањата за ова право се многу поартикулирани, а примената е евидентна, особено во основните училишта.**

Донесениот нов Закон за основно образование во 2019 година **само го потврдува успешното интегрирање на моделите на учество на децата во донесувањето на одлуки во основното образование** кои се развиени, тестирани и приспособени со помош на граѓанските организации, раководството на училиштата, наставниците и децата.

88 % од децата вклучени во истражувањето се сосема убедени во своето право да учествуваат во донесување одлуки. При тоа учеството во донесување одлуки во училиштето најголем дел го прават самостојно или преку претседателот на класот. Како најфункционални форми на ученичко учество во донесувањето на одлуки се потенцираат: **претседателот на класот, ученичката заедница и ученичкиот правобранител,** модел кој е воведен и преку активностите на Коалицијата СЕГА и НП.

[13] Закон за основно образование – Службен весник, бр. 161/2019, достапен на македонски јазик на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf

[14] Посебен извештај за состојбата со почитување и остварување на правото на учество на детето во донесување одлуки во средните училишта во Република Македонија, Народен правобранител, достапен на македонски јазик на: http://ombudsman.mk/upload/Posebni%20izvestai/2016/Ucestvo%20na%20deca%20vo%20sredno-Mk.pdf

Во однос на практиките за вклучување на децата во процесите на одлучување **доминира принцип на вклучување на децата во донесувањето одлуки од страна на возрасните (наставници и родители), како во училиштето така и во семејството. Напредокот** во однос на вклучување на децата во процесите на донесување одлуки **во 2020 година во однос на наодите од 2009 е забележлив,** при што 50 % од децата вклучени во истражувањето во 2020 година изјавија дека **родителите секогаш ги вклучуваат во донесувањето на одлуки.**

Дел од интервјуираните училишта веќе започнале со активна примена на законските одредби во однос на учеството и **го истакнуваат вклучувањето на претставници на учениците, како во наставничкиот совет така и во училишниот одбор.**

Средните училишта иако покажуваат одредени познавања во однос на ученичкото учество, а дел од нив можат да се пофалат и со успешни практики, сепак од интервјуата е видливо дека **недостига систематски пристап во оваа област и унифицирана примена на модели и механизми преку кои би се канализирало ученичкото учество.**

Знаењата кај децата во однос на механизмите за учество што ги користи општината се ограничени, при што **42,5 % од децата вклучени во истражувањето изјавија дека не знаат како општината ги донесува одлуките поврзани со прашања што се од нивни интерес.**

2. Коментар на извештајот од државата

Извештајот на државата во поглед на сегментот генерални принципи (принцип на недискриминација и почитување на ставовите на детето) иако ги наведува клучните законски одредби со кои се регулираат посочените принципи, не дава информации и теренски податоци за начинот на кој законските одредби се имплементираат во практиката од страна на надлежните институции. Исто така, извештајот на државата не прикажува податоци добиени директно од децата со цел да се покаже нивниот поглед.

Дополнително, поради периодот во кој е поднесен извештајот од државата, во него не се вклучени двата клучни наоди и тоа: донесувањето и укинувањето на Законот за заштита од дискриминација, како и донесувањето на Законот за основно образование.

3. Препораки

Недискриминација

- Да се задолжат општините и училиштата за **апсолутна примена на политиката на реонизација** со цел да се намали сегрегацијата во образованието по основ на етничка припадност, попреченост и материјален статус. Да се охрабрат раководствата на училиштата да предложат нови модели за намалување на сегрегацијата кои би биле локално прифатливи и функционални.
- **Да се зајакнат капацитетите на училиштата, раководниот, стручниот и наставниот кадар** со цел да се препознае дискриминацијата и постапувањето по неа помеѓу врсниците во училиштето. **Училишните одбори и советите на родители да се едуцираат и да се вклучат во превенција на дискриминацијата која носи потекло од семејството, традицијата и обичаите**.

- **Да се зајакне улогата на ученичкиот правобранител** како механизам каде што децата ќе можат да пријават дискриминација. Исто така, да се изнајдат нови механизми што ќе овозможат проактивно дејствување на училиштето во идентификување и справување со дискриминацијата. Да се афирмираат постојните механизми преку информирање на децата за постоењето и функционирањето на етичките кодекси и правилници.

- Да се активираат ученичките заедници и наставниците да испланираат и да преземат активности заради **градење вредности на ниво на училишта кои ќе промовираат почитување на разликите и фер постапување.** Да се изнајдат начини за време на класните часови и часовите по етика да се информираат учениците за негативните ефекти од дискриминацијата, но и да се споделат успешни реални приказни.

Почитување на ставовите на детето

- **Да се афирмираат успешните модели и практики на учество на децата** во донесувањето на одлуки во образованието и тие да се споделат преку менторства и едукации, пред сè со средните училишта. Да се поддржат училиштата да изградат инфраструктура и рамка за примена на моделите на учество.

- **И понатаму да се јакне обуката и активностите на децата од основните и средните училишта** во поглед на примена на правото на учество во донесување одлуки во образованието, со акцент на учеството во позначајните одлуки преку кои се дејствува на квалитетот на наставата и наставните содржини.

IV

IV. Граѓански права и слободи

1. Анализа на состојбата

1.1 Пристап до соодветни информации, слобода на мисла и изразување

Согласно со препораката на Комитетот на ООН за подобрување на пристапот до информации на децата како и нивна заштита од содржини што можат да бидат штетни по нивниот развој (прагараф 36), Коалицијата СЕГА спроведе мониторинг на состојбите во периодот 2011 до 2013 година и ги истражуваше навиките и потребите кај децата во однос на пристапот до информации, но и во однос на слобода на мисла и изразување.

Констатациите од истражувањето на Коалицијата СЕГА во 2009 година за недостиг на приспособени информации и програма за деца на различните медиуми, а посебно на ТВ, се повторуваат во текот на цела декада, но се менува контекстот и потребите кај децата. Според наодите од мониторингот на спроведувањето на КПД, кој го реализираше Коалицијата СЕГА во периодот од 2011 до 2013 година во однос на правото на пристап до информации на децата, не постои континуирано финансирање на издавачката дејност, како на ниво на училишта така и на национално ниво што резултира со непостојаност во издавањето на списанија, со мал тираж и фреквенција на издавање која не ги задоволува потребите. Училиштата прават напори да издвојуваат средства од сопствениот буџет за финансирање на детски списанија, како и веб-страници на училиштата за да го олеснат пристапот на информации до децата.

Во однос на заштитата на децата од програми што можат штетно да влијаат врз нивниот психички, физички и морален развој, Советот за радиодифузија во континуитет додека траеше мониторингот го применуваше *Правилникот за заштита на малолетната публика* и мерките што ги презеде заради санкционирање на медиумите што го прекршуваат Правилникот имаа ефект.

Во 2017 година е спроведено истражување за состојбата на застапеност на детската програма на телевизиските медиуми од страна на Институт за проектен менаџмент и развој, ИПМР – Скопје, кое ги опфаќа аспектите на образовниот процес, содржината, квалитетот, публиката на детските телевизиски програми во земјава. Наодите од истражувањето покажаа дека на националните медиуми најголем број програми се дизајнирани за возраст од 4 до 10 години и за возраст од 11 до 14 години, во што предничи јавниот сервис. Повеќето детски програми немаат интерактивни елементи, ниту пак го охрабруваат секое размислување или учество на гледачите на зададените теми. Најслабата точка на детските ТВ-програми е, секако, образовниот потенцијал и ова е признаено и од децата, родителите, едукаторите и од просветните работници. Другиот аспект на телевизиските детски програми е што тие не се доволно развиени, посебно инклузивноста на телевизиските содржини. ТВ-програмите не ги вклучуваат во целост разните социјално- маргинализирани групи (лица со интелектуална попреченост, етнички, расни и национални малцинства, лица кои доаѓаат од сиромашни семејства, луѓе кои живеат во руралните средини).
Наодите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во својата анализа за застапеност на детските програми на националните телевизии во 2018 година покажуваат дека детските програми се најзастапени на јавниот сервис, додека според жанровската структура доминираат образовно-забавната и играната програма.

IV

Во услови на пандемијата КОВИД 19, јавниот сервис – Македонската радио-телевизија, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во април 2020 година отвори уште еден програмски сервис – детски канал МРТ 5 на кој се емитуваат содржини за деца и млади кои едуцираат, информираат и забавуваат.

Согласно со истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА во 2020 година, како резултат на растечката употреба на интернет-комуникацијата, **децата учесници во истражувањето избрале дека интернетот е најчест канал преку кој тие имаат пристап до потребните информации,** додека во 2009 година како најчест канал се потенцира радиото и телевизијата, а потоа училиштето и родителите.

Во однос на слободата на мислата, половина од децата учесници во истражувањето најголема доверба имаат во мајката во однос на споделување информации најчесто поврзани со повреда на нивните права, а потоа значително помалку во таткото и во другарите/другарките. Има **одреден дел на деца (особено момчиња) кои истакнуваат дека не се обраќаат кај никого кога им е повредено некое право** што упатува на **отуѓеност и намалена социјална интеракција** помеѓу врсниците.

Споредбата на наодите од истражувањата спроведени од Коалицијата СЕГА во 2009 и во 2020 година покажува дека значително е **зајакната довербата на децата во стручните служби на училиштето,** како и кон класниот раководител. Исто така децата **укажуваат и на доверба во ученичкиот правобранител** како механизам за заштита на нивните права.

Според наодите од 2020 година, **66 % од децата се чувствуваат заштитени од страна на возрасните.**

Чувството на заштита е поистакнато во 2020 година во однос на наодите од 2009 година. Сепак, има 75 деца учесници во истражувањето кои избрале дека возрасните не се грижат доволно за нив.

По укинувањето на членот 26 од Законот за основно образование со кој се дозволуваше спроведување на верско образование како изборен предмет, воведени се изборни предмети во 6-то одделение – Етика на религии, Запознавање на религиите и Класична култура во европската цивилизација. Коалицијата СЕГА во рамките на мониторингот на спроведувањето на Конвенцијата за правото на детето го истражуваше и овој сегмент во 2011 и 2012 година. Според наодите, постои ограничување во однос на почитувањето на правото на слободно изразување на вероисповед и убедување на децата според член 14. Имено, сè уште поради недостигот на капацитет понудата на предметите е различна во различни училишта, како и квалитетот на наставниот кадар. Одлуката за избор на предметите децата ја носат заедно со родителите најчесто врз основа на претходна презентација на содржината на предметите за родителите, но не и за децата. Исто така се ограничува и минималниот број на деца што е потребно да се пријават за да може одреден предмет да се изучува. Во однос на содржината на наставните програми, од добиените податоци од наставниците кои се интервјуирани може да се заклучи дека таа е соодветна на возраста на децата, не ги прекршува нивните права на вероисповед и убедување. Не е јасно како се распоредени времето и часовите што се посветуваат за изучување на религиите во рамки на наведените предмети.

1.2 Право на здружување и мирно собирање

Со Законот за основно образование од 2019 година се регулира слободата на здружување во рамките на училиштето. Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница, а воедно учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште (ученички парламент) на начин уреден со статутот на училиштето. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Согласно со спроведеното истражување на Коалицијата СЕГА во 2020 година, **91 % од децата се информирани за нивното право на здружување** и ги препознаваат организациите од нивниот град што работат со деца и детски права, но 45 % од децата изјавија дека не се членови на тие организации.

Децата од основните училишта вклучени во истражувањето ги препознаваат формите на здружување во училиштата, повеќе и појасно ги артикулираат за разлика од децата од средните училишта. **Децата јасно го артикулираат своето членство во класна/одделенска заедница** и упатуваат **на дефиниран процес на избор на претседател на класот/одделението** или по пат на претставување на повеќе кандидати за кои потоа се гласа или пак со претходно меѓусебно договарање кого би го избрале за претседател.

Децата посочуваат дека **класната заедница најчесто е вклучена во донесување одлуки за активности од интерес на учениците, одлуки за избор на дестинација за екскурзија, како и за секциите што ќе се организираат.** При тоа најголем дел од децата **директно зеле учество во донесување на некоја одлука,** најчесто поврзана со избор на дестинација за екскурзија или избор на претседател на класот. **Децата со попреченост се подеднакво вклучени** во процесите на донесување одлуки во училиштето исто како и нивните врсници.

2. Коментар на извештајот од државата

Во извештајот на државата не се презентирани информации во однос на пристапот до информации, слобода на мисла и изразување. Клучната промена што не е посочена во извештајот од државата (а поради различниот период во кој државата го поднесува извештајот) е јасната регулација на формите на здружување на децата во училиштата со донесениот Закон за основно образование од 2019 година и утврдениот процес на избор на претставници на децата во тие форми.

3. Препораки

- Се препорачува **зајакнување на дистрибуцијата на информации од училиштата и другите институции преку интернет и на социјалните медиуми** кои ги користат учениците. При тоа треба да се зајакне образовниот сегмент на испорачаните информации.
- Да се продолжи со **јакнење на улогата на формите на здружување на децата во училиштата и механизмите за учество, како што се:** ученичката заедница и ученичкиот правобранител.

Истовремено, да се овозможи индивидуализирана поддршка на учениците кои се во улога на претседатели на класови и претставници во наставничкиот совет и училишниот одбор за да покренат иницијативи и да ги застапуваат барањата на учениците.

- **Да се информираат советите на општините за механизмите за учество кои функционираат во рамки на училиштата** со цел и општината да ги искористи овие механизми за да го добие мислењето на децата и да ги вклучи во донесувањето на одлуки по прашањата што се важни за нив.

V. Насилство кон децата

1. Анализа на состојбата

Во однос на препораката на Комитетот на ООН за превенција на насилство врз децата, унапредување на легислативата и пристап до соодветни служби за рехабилитација на децата (параграф 51), Коалицијата СЕГА се фокусираше на истражување на причините за меѓуврсничко насилство, како и појавните облици и пристапот на државата за превенција и спречување на насилство.

Во однос на меѓуврсничкото насилство, на национално ниво **државата покажува интерес за следење и справување со насилството** кон децата, што се отсликува преку воспоставените структури и застапеност на одредбите за превенција на насилство во рамки на стратешките и планските документи. Во 2012 година е донесена Стратегијата за намалување на насилството во училиштето (2012 – 2015). Стратегијата ги дефинира најголемиот број појавни облици на насилство во училиштето и ги определува процедурите за евидентирање на случаите на насилство во училиштето и нивно проследување до заинтересираните страни. Во 2017 г. со одлука на Владата на РМ е формирано **меѓуресорско Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба, насилство и занемарување.**

Исто така, во 2019 година е донесена Национална стратегија (2020 – 2025) и Акциски план (2020 – 2022) за превенција и заштита на децата од насилство[15]. Целта на ова тело е да го следи и да го координира спроведувањето на активности за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, како и да подготвува годишни извештаи. Во 2017 година телото за прв пат подготви извештај за состојбата во однос на заштитата на децата од насилство според развиените показатели за следење на состојбата со насилство врз деца од сите релевантни институции.

Во практиката **нема видливи напори и промени за систематско справување со насилството**, особено врсничкото насилство, за што сведочат состојбите затекнати на терен преку истражувањата на Коалицијата СЕГА, НП и други граѓански организации.

Во 2017 година во извештајот за состојбата во однос на заштитата на децата од злоупотреба и занемарување[16] согласно со креираните индикатори се констатира дека системот на образование во РСМ преку стручните служби во најголем број училишта има обезбедено доволна кадровска екипираност (педагози, психолози и социолози) во основните и средните училишта кои се компетентни за проблематиката на насилство во училиштата, но сè уште недостасува воспоставена практика за унифицирано системско идентификување и евидентирање на случаите на насилство во училиштата. Во идентификуваните и евидентираните случаи на насилство во училиштата доминира физичкото насилство и психичкото/ емоционалното насилство.
Препознаено е и малтретирањето/силеџиството како вид на насилство. Врсниците се доминантни сторители на насилството во училиштата, а соработката на училиштата со другите надлежни институции не е на потребното ниво.

Коалицијата СЕГА спроведе истражување за состојбата со насилството во средните училишта[17] и според наодите не постои значајна разлика во перцепциите за насилство кај испитаниците од различен пол, град или етничка припадност. Тоа покажува дека без разлика на демографската структура во училиштата во однос на пол, етничка припадност или географска локација на училиштата, перцепцијата за постоењето, формата и интензитетот на насилството е слична во сите вклучени училишта. Најзастапен вид на насилство, според наодите од истражувањето, е вербалното насилство. Интернет-насилството не беше идентификувано меѓу најзастапените видови на насилство. Сепак, тоа не значи дека овој вид на насилство е помалку застапен во однос на другите. Учениците се информирани за механизмите за пријавување на насилство и според претставниците на училиштата таа информација се споделува на почетокот на секоја учебна година. Меѓутоа, училиштата не покажуваат интерес и иницијатива за континуирано промовирање на механизмите за пријавување на насилство преку градење на доверба за да може учениците го пријавуваат насилството, без разлика дали се жртви на насилство или пак сведоци.

[15] Стратегија за заштита на деца од сите форми на насилство 2020 – 2025 со Акциски план за 2020 – 2022, достапни на македонски јазик на: http://dspdp.com.mk/vesti/nacionalna-strategija-2020-2025-i-akciski-plan-2020-2022-za-prevencija-i-zastita-na-decata-od-nasilstvo/

[16] Анализа на состојбата за развивање на индикатори за децата жртви на насилство, август 2017, достапна на македонски јазик на: https://www.sppmd.mk/wp-content/uploads/2017/11/Analiza-na-sostojbata-za-razvivanje-na-indikatori-za-decata-zrtvi-na-nasilstvo-12.08.2017.pdf

[17] Актуелна состојба за постоење, превенција и справување со насилство во средните училишта, достапна на македонски јазик на: https://www.sega.org.mk/images/pdf/Prepoznaj_preveniraj_i_primeni_merki_protiv_nasilstvo_Publikacija_1.pdf

Согласно со наодите од истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА, генерално 64 % од децата учесници во истражувањето сметаат дека нема насилство во училиштата, но понатаму во многу поголем **број специфично ги потврдуваат различните форми и видови на насилство, пред сè помеѓу своите врсници**. Ова укажува на недостиг на знаења кај децата за препознавање на насилството. Исто така, **институциите и претставниците од училиштата потврдија дека постои меѓуврсничко насилство**.

70 % од децата учесници во истражувањето биле жртви на некаков вид на меѓуврсничко насилство, најчесто како **жртви, пред сè на физичко насилство, но и на вербално и социјално насилство**. Генерално **постојат протоколи и програми за превенција на насилство** кои се познати во училиштата и во најголем дел се применуваат. Сепак, **овие протоколи не се приспособени** за идентификување и постапување по оние видови на насилство кои земаат замав, како на пример насилството помеѓу врсниците на социјалните мрежи, вербалното и социјалното насилство. Неретко причините за насилно однесување на децата во училиштето имаат корени во семејството, односно **од постојно семејно насилство.**

Насилството помеѓу врсниците е **главно застапено на социјалните мрежи**, додека помалку во самите училишта. Има примери на **физичко насилство** во одредени училишта кои **загрижуваат по честотата и по бројот на сторители**. Овој вид на насилство **посебно се истакнува** од страна на Ромите учесници во истражувањето. **1/3 од децата учесници во истражувањето ги истакнуваат социјалното и вербалното насилство** како најзастапен вид на меѓуврсничко насилство.

Според наодите од истражувањето, насилството се случува со цел **да се докаже сила пред другите, љубомора и покажување доминантност.** Исто така и **проблемите во однесувањето** се една од причините кои придонесуваат кон насилство.

2. Коментар на извештајот од државата

Извештајот на државата во однос на член 19 од КПД се однесува генерално на сите видови насилство, односно повеќе се фокусира на насилството од возрасни врз деца, додека пак меѓуврсничкото насилство е само споменато. Исто така, во извештајот се укажува на активности што се спроведувани на оваа тема од страна на МТСП во соработка со УНИЦЕФ и со граѓански организации, но освен спроведени студии и анализи не потенцира други теренски активности или активности со децата на оваа тема.

3. Препораки

- Да се спроведе **сеопфатно истражување** за меѓуврсничко насилство за да се идентификуваат **формите на кибернасилството, медиумите и мрежите преку кои се комуницира,** како и утврдување на елементите на регулативата со кои се регулира или може да се зајакне **регулирањето на безбедноста на децата на интернет и превенција од кибернасилството.**
- Да се подготват и спроведат **програми за континуирана едукација на учениците за различните видови меѓуврсничко насилство**, со акцент на **насилството во киберпросторот** и штетните последици од него по интегритетот на детската личност.
- Да се подготват и спроведат **програми за континуирана едукација на учениците за различните видови меѓуврсничко насилство**, со акцент на **насилството во киберпросторот** и штетните последици од него по интегритетот на детската личност.

- **Да се зајакне улогата на ученичкиот правобранител** како механизам за проактивно дејствување кон спречување меѓуврсничко насилство и пријавување насилство и да се подготват заеднички активности со НП во насока на превенција и спречување на насилството.
- Децата да се едуцираат **каде и како да пријавуваат меѓуврсничко насилство** и да се едуцираат за различните механизми што им стојат на располагање на стручните служби во превенција и третман на насилството.

VI. Образование, забава и културни активности

1. Анализа на состојбата

1.1 Пристап до образование

Деца надвор од образовниот процес

Коалицијата СЕГА соработуваше со МЦГО, согласно со препораката на Комитетот на ООН за опфат на сите деца во редовниот образовен процес (параграф 66 а, б). МЦГО подготви извештај во кој ги презентираше наодите од анализата на законската регулатива и истражувањата спроведени во изминатиот период. Тој извештај послужи за презентација на дел од наодите и во овој алтернативен извештај, а исто така тука се презентирани и дел од наодите од студијата на УНИЦЕФ.

Пристапот до образование за еден дел од децата во Република Северна Македонија сè уште е предизвик. Согласно со најновата студија спроведена од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија и Државниот завод за статистика[18] за состојбата со жените и децата во Северна Македонија спроведена за 2018 – 2019 година, теренските податоци покажуваат дека **1,7 % од опфатените деца во примерокот на возраст 6 – 14 години се надвор од образовниот процес**. При тоа тука се вклучени **деца од македонската, албанската и другите етнички заедници**, додека за ромската заедница се дадени посебни податоци.

При тоа, како деца што се надвор од образовниот процес во основното образование се сметаат децата на возраст за основно образование кои не посетуваат предучилишно образование, основно или средно образование. Децата што завршиле основно образование се исклучени од примерокот. Вкупниот број на семејства опфатени со студијата изнесува 4 028 низ сите статистички региони во Македонија, а бројот на деца опфатени во истражувањето на возраст 5 – 17 години е 1 431. Во однос на децата што треба да посетуваат средно образование, **8,4 % од децата во примерокот кои треба да посетуваат средно образование се надвор од училиштето.** При тоа тука се вклучени **деца од македонската, албанската и другите етнички заедници**, додека за ромската заедница се дадени посебни податоци. При тоа како деца што се надвор од образовниот процес во средното образование се сметаат децата на возраст за средно образование кои не посетуваат основно образование, средно образование или високо образование. При тоа како деца што се надвор од образовниот процес во средното образование се сметаат децата на возраст за средно образование кои не посетуваат основно образование, средно образование или високо образование.

VI

[18] State Statistical Office and UNICEF. 2020. *2018-2019 North Macedonia Multiple Indicator Cluster Survey and 2018-2019 North Macedonia Roma Settlements Multiple Indicator Cluster Survey, Survey Findings Report,* Skopje, North Macedonia: State Statistical Office and UNICEF.

Децата што завршиле средно образование се исклучени од примерокот. Во однос на возраста на децата кои треба да посетуваат училиште, согласно со податоците од наведената студија, 99,5 % од децата што биле опфатени со студијата се на возраст соодветна за основно училиште, односно 96 % се на возраст соодветна за средно образование.

Во 2017 година во рамки на истражувањето на МЦГО[19] во врска со инклузијата на деца што се надвор од училиштата се нудат многу согледби околу проблематиката со која се соочува оваа група. Наодите и заклучоците од ова истражување укажуваат на проблеми што постојат на ниво на општина, училиште и родители, а некои само ја опишуваат фактичката состојба и тоа во врска со два генерални проблеми: а) деца кои не се запишани во училиште и б) осипување на бројот на ученици од училиштата. Општините не водат систематска евиденција за децата што треба да се запишат во основно училиште, како и тоа колку од нив се запишале. Тоа значително го отежнува процесот на водење на политика за обезбедување опфат на сите деца на ниво на општина/држава. Училиштата, од друга страна, не добиваат податоци за незапишани деца кои во одреден период биле отсутни од местото на живеење, па се вратиле. Исто така, непочитувањето на реонизацијата во некои општини ги отежнува активностите на училиштата за упис на сите деца во основно училиште затоа што училиштата немаат податоци кои деца се обврзани да се запишат во конкретно училиште.

Училиштата имаат тешкотии со вклучување во наставата во редовни паралелки од прво одделение на децата што не се запишале навреме, а се на возраст од над 9 години. Согласно со **Концепцијата за инклузивно образование[20]**, донесена од страна на Министерот за образование и наука на 6 јули 2020 година, дефинирани се специфични насоки кои овозможуваат инклузија на децата со надмината возрасна граница, како што се на пример: за вклучениот ученик со надмината возрасна граница, наставникот изработува план за работа според приспособените наставни програми изработени од БРО; возрасната разлика помеѓу ученикот со надмината возрасна граница и неговите соученици не треба да е поголема од 2 години во првиот период, а за вториот период разликата исто така е до 2 години, односно 3 години доколку ученикот се вклучува во 6-то одделение; со примената на приспособените наставни програми, предвидено е во една учебна година да можат да се завршат две одделенија, согласно со постигнатиот успех и резултати.

Преку истражувањето се идентификувани 663 деца на основна училишна возраст што воопшто не посетувале основно училиште. Најголем број од овие деца се на возраст 6–8 години. Најмногу незапишани деца од оваа возраст се лоцирани во Куманово. Повеќето од незапишаните деца се претежно од ромско население кое живее во лоша социјална средина и неповолни домашни услови за живеење. Идентификувани се 481 дете што предвреме го напуштиле основното училиште, а сè уште се во Македонија. Најмногу осипување има уште за време на одделенска настава и чиишто родители се без образование или со помалку од 4-то одделение коишто живеат во лоши социоекономски услови. Како најчести причини за напуштање на училиштето се наведуваат миграциите (69 %) и сиромаштијата (39 %).

VI

[19] Мицкоска, Г., Чупи, Р. и Спасовски, Љ. (2017). *Инклузија на децата што се надвор од училиштата во образовниот систем: извештај од испитувањето.* Скопје. Македонски центар за граѓанско образование.

[20] Концепција за инклузивно образование, МОН 2020 г., достапна на македонски јазик на: [http://mrk.mk/wp-content/uploads/2020/07/%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A6%D0%95%D0%9F%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90-%D0%B7a-%D0%B8%D0%BD%D0%BA%D0%BB%D1%83%D0%B7%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5-1.pdf]

Во последните три учебни години има значителен број на деца што се со надмината возрасна граница при запишување во прво одделение (81 во 2017/2018 година, 112 во 2018/2019 година и 73 во 2019/2020 година). Во трите последни учебни години (2017/2018 – 2019/2020) повеќето од половина повозрасни деца што се запишале во прво одделение се на возраст 8–9 години, а другите се на возраст од 10 и повеќе години. Се идентификуваат неколку ограничувачки фактори при работата со повозрасни ученици кои се во паралелки со помали ученици и тоа: а) често се случува на овие деца македонскиот јазик да не им е мајчин јазик, па имаат проблем со непознавање на јазикот; б) повозрасните ученици прават голем број неоправдани изостаноци и не можат да одржат континуитет во наставата и в) често се случува овие деца да имаат оскудно претходно знаење.

Согласно со наодите од истражувањето на Коалицијата СЕГА, формирањето на малите групни домови кои се под раководство на центрите за социјална работа (во нашиот пример центарот во Кавадарци и групниот дом под раководство на центарот за социјална работа во Штип), според изјавите на интервјуираните, се чини дека се препознаваат како добар модел во кои центрите имаат директно влијание, особено во поглед на вклучување и останување во образовниот систем на децата штитеници. Децата во групните домови се вклучени во редовен образовен процес при што исто така добиваат и дополнителна грижа и поддршка и по завршувањето на училишните обврски.

Интервјуираните од едно училиште од Радовиш укажуваат на проблеми со вклучувањето и задржувањето во редовен образовен процес на децата од руралните средни во кои живее претежно турско население. Поради традиционалните обичаи и правила во оваа заедница често пати родителите не ги пуштаат особено девојчињата да го продолжат образованието во средно училиште, а дури и го прекинуваат нивното образование уште додека се во основно. Според изјавите на интервјуиран од едно училиште во Крива Паланка, проблемот со кој тие се соочуваат (а тој проблем може и на други места е присутен) е да ги интегрираат децата од тешко пристапните рурални средини во редовниот образовен процес, пред сè поради обезбедување на редовен превоз, маргинализација на семејствата и сиромаштија.

Деца од ромска националност

Коалицијата СЕГА, согласно со препораката на Комитетот на ООН за обезбедување еднаков пристап до образование за сите деца, вклучување на децата од улица и децата од ромска националност во редовниот образовен процес (параграф 66 а, б, е), се осврна на наодите од НП, УНИЦЕФ и на теренските наоди од ова поле.

Децата од ромска националност во споредба со децата од другите етнички заедници во многу поголем број остануваат надвор од основното, а посебно од средното образование без оглед што и двете нивоа на образование се задолжителни. Во изминатата декада забележлив е континуитет во напорите за вклучување на овие деца во образовниот процес, како на државните институции така и на граѓанските организации, меѓународните организации и донаторите. Со донесувањето на Стратегијата за Роми за периодот 2014 – 2020 се афирмираат клучните цели на пристапот до образование за Ромите и тоа: а) да се опфатат најмалку 98 % деца од ромска националност на возраст за запишување во прво одделение во основното образование, да се подобри успехот и да се постигне минимум од 75 % проодност од едно во друго одделение до 2020 година и б) да се зголеми преминот од основно образование во средно образование, да се подобри успехот и значително да се намали осипувањето на учениците Роми до 2020 година.

Државните мерки се однесуваат на опфат на деца од ромска националност во предучилишното образование, поддршка на образовниот процес и семејствата на децата од ромска националност во основното образование, како и државно стипендирање за учениците Роми во средното образование. Ромскиот образовен фонд, кој исто така партиципираше заедно со државата во обезбедување на стипендии за децата од ромска националност во средното образование, во последнава декада ги фокусира своите напори за поддршка на високото образование на Ромите. Сепак, и покрај сите напори во изминатите десет години, отсуствува аспектот на мапирање на децата од ромска националност кои се надвор од образованието, водење на евиденција за децата кои се надвор од образовниот процес, размена на податоци помеѓу институциите и постапување заради поголемо вклучување на тие деца кои сè уште не излегле надвор од кругот на сиромаштијата и маргинализацијата.

Според Студијата изработена од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија и Државниот завод за статистика за 2018 – 2019 година, теренските наоди за состојбите на Ромите во основното и средното образование се загрижувачки. Податоците се загрижувачки како во однос на самата ромска заедница, а уште повеќе доколку тие податоци се споредат со наодите за образованието на македонската, албанската и другите етнички заедници.

Табела 1: Состојба на Ромите во основно и средно образование според различни показатели

Показатели	Деца од ромска националност	Деца Македонци, Албанци и останати
% на деца на возраст за основно образование кои се запишуваат в прво одделение	75,9 %	94,2 %
% на деца кои редовно го посетуваат основното образование	81 %	98,1 %
% на деца кои го завршуваат основното образование	56,3 %	94 %
% на деца кои се запишуваат во средно образование	76,8 %	98 %
% на деца кои редовно посетуваа средно образование	39,4 %	91 %
% на деца на возраст за основно образование кои се надвор од образовниот процес, односно кои не посетуваат предучилишно, основно или средно образование	18,7 %	1,7 %
% на деца кои завршуваат средно образование	36,9 %	87,4 %
% на деца на возраст за средно образование кои се надвор од образовниот процес, односно кои не посетуваат основно, средно или високо образование	52,8 %	8,4 %

75,9 % од децата од ромска националност во примерокот што се на возраст за основно образование се запишуваат во прво одделение, што е за скоро 20 % помалку од Македонците, Албанците и останатите етнички заедници. 81 % од децата од ромска националност запишани во основно образование редовно го посетуваат училиштето, што претставува за 17 % помалку од Македонците, Албанците и останатите етнички заедници. 18,7 % од децата од ромска националност во примерокот се надвор од образовниот процес, што значи во моментов не посетуваат предучилишно, основно или средно образование. 52,8 % од децата од ромска националност опфатени со примерокот што се на возраст за средно образование се надвор од образовниот процес, што значи дека во моментов не посетуваат основно, средно или високо образование, додека кај останатите етнички заедници овој процент изнесува околу 8 %. 56,3 % од децата од ромска националност го завршуваат основното образование, додека 76,8% од нив се запишуваат во средно образование. 36,9 % од децата кои се запишале во средно образование го завршуваат.

Исто така, анализата на податоците од прикажаната табела упатува на заклучок дека сепак состојбите во основното образование покажуваат поголем напредок, отколку во средното образование што се должи на значајната поддршка од страна на меѓународните организации и донаторите токму во зајакнување на опфатот на Ромите во основното образование и континуираната поддршка како на наставниците така и на семејствата за да се задржат децата во системот.

Во анализата за образованието на Ромите изготвена од НП во 2018 година[21] се заклучува дека осипувањето во основното и средното образование се намалува со преминот од една во друга учебна година, меѓутоа доколку се земе предвид првата генерација на запишани ученици во основно образование со девет години образование се заклучува дека повеќе од половина од учениците не успеваат да го завршат навремено основното образование или пак го напуштаат образовниот процес. Во делот на стипендирање на средношколци Роми особен успех е нивното вметнување со закон, меѓутоа ефектот од стипендиите за подобри постигнувања на средношколците треба дополнително да се евалуира. Во делот на средно образование се забележува, особено во последните две години, дека над 30 % од учениците коишто завршуваат основно образование не го завршуваат навремено своето образование или пак не го продолжуваат образованието во средно, иако тоа е задолжително.

Деца со ПОП

Коалицијата СЕГА соработуваше со здружението Отворете ги прозорците согласно со препораката на Комитетот на ООН за подобрување на пристапот до образование за децата со ПОП (парагарф 53 а, ц, е). Отворете ги прозорците подготви посебен извештај за пристапот на децата со ПОП до образование во кој презентираше информации како за законската рамка така и за состојбите на терен. Наодите од тој извештај се употребени во презентирање на состојбите и во рамки на овој алтернативен извештај.

Правната рамка и мерките за опфат на **децата со ПОП** се насочени кон **целосна инклузија на овие деца во образовниот систем.** Од особено значење во овој сегмент е донесувањето на Концепцијата за инклузивно образование[22] во јули 2020 година која предвидува целосен опфат на сите деца во воспитно-образовниот процес.

VI

[21] Инклузија на Ромите по завршување на декадата на Ромите – тековна состојба и предизвици, Народен правобранител, 2018 година, достапно на: http://ombudsman.mk/upload/documents/2018/Prezentacija-Inkluzija%20Romi-Vrabotuvanje-07.11.2018.pdf

[22] Види фуснота 20.

Во оваа концепција се поместени одредби поврзани со обезбедување на училишна клима на инклузија, различни нивоа на поддршка на учесниците со ПОП, дополнителни услуги за поддршка на секојневното функционирање на учениците со ПОП и нивните семејства, поддршка на наставниците, како и трансформација на посебните училишта во ресурсни центри и центри за поддршка на инклузијата. **Веќе се воведени низа практични алатки за вклучување на децата во редовното образование, а на ред е примената и на други законски одредби за да се зајакне дополнително овој сегмент.** Доделувањето на образовни асистенти, можноста за консултации и вклучување на стручен кадар од посебните училишта и дневни центри, ангажирањето на дефектолози и логопеди го олеснува процесот на инклузија**. Сепак, многу треба да се работи за целосен опфат на овие деца, како во самите училишта така и со семејствата на децата и со нивните врсници и семејства.**

Во учебната 2009/2010 година ученици со ПОП учеле во 83,6 % од основните училишта, т.е. во 199 од вкупно 238 училишта кои доставиле одговорени прашалници. Во просек, според сумираните податоци, во секое училиште настава следеле 10,4 ученици со ПОП. Ако се земат предвид исклучиво училиштата во кои имало ученици со ПОП, овој просек е 12,48. Според овие податоци 199 училишта пријавиле 2,467 ученици со ПОП. Кумулативниот број за ученици со ПОП вклучени во основното образование, и редовното и посебното, за учебната 2015/2016 година покажува вкупен број од 1 138, што кумулативно претставува 0,61 % од вкупниот број ученици. Непостоењето на готови статистички податоци за вклученоста и остварувањето на правото на основно образование за учениците со ПОП укажува на фактот дека не постои системска евиденција.

Во отсуство на официјални податоци за бројот на деца со попреченост, како основа може да се земе процената на Светската здравствена организација (СЗО) дека лицата со попреченост (каква било попреченост) сочинуваат најмалку 10 % од вкупното население. Во таков случај, неизбежно се отвораат прашањата за опфатот на децата со попреченост воопшто во системот за основно образование и способноста на образовниот систем да ги идентификува, евидентира и да ги следи вклучените ученици со посебни образовни потреби. Тоа е основата за обезбедување индивидуализирана поддршка и помош, но и за планирање и следење на јавните образовни политики насочени кон поттикнување на инклузивноста на образованието.

Во учебната 2013/2014 година ученици со ПОП биле вклучени во 62,5 % од редовните средни училишта во Македонија, додека пак за учебните 2016/2017 и 2017/2018 година во 56,5 % од училиштата кои учествувале во истражувањето.

Во просек тоа би значело 4,5 ученици со ПОП во средните редовни училишта за учебната 2013/2014 година, односно 2,79 за периодот од 2016 до 2018 година. Добиените бројки укажуваат на намалување на бројот на ученици со ПОП во редовните средни училишта, што сметаме дека се должи на неподготвеноста на образовниот систем да одговори на предизвиците на инклузијата. Ако се разгледаат податоците добиени во однос на бројот на ученици со ПОП, се добива податок за застапеност од околу 1 % од вкупниот број на ученици. Изразено во проценти овој број е мал, но сепак не треба да се занемари, бидејќи станува збор за околу 400 ученици за кои треба да се обезбеди квалитетно образование на рамноправна основа како и за останатите ученици.

Компјутеризацијата на наставата е еден од важните чекори што води до модернизација на образованието. Иако беа обезбедени компјутери за средните училишта, сепак индивидуална асистивна технологија не се обезбеди за учениците со попреченост.

Оттаму, учениците со ПОП се поставени пред уште една бариера, како да пристапат до наставните содржини ако ја немаат на располагање асистивната технологија и можностите што ги нуди таа?

1.2 Квалитет на образованието и интеркултурно образование

Имплементацијата на препораките на Комитетот од параграфот 56 послужи како основа за истражувањето на Коалицијата СЕГА за сегментот образование, забава и културни активности, а ноадите се презентирани во продложение.

48 % од децата вклучени во истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА изјавија дека воопшто не ги добиваат потребните знаења во училиштето, при што овој критички став го заземаат дури 87 % од децата од средното образование. Во 2009 година доминирал ставот дека децата ги добиваат знаењата што им се потребни. Критичкиот став кон образованието понатаму продолжува и кон наставниците, **при што 49 % од децата сметаат дека наставниците воопшто не користат интересни начини за пренесување на знаењето.**

Иако се применуваат мерки за да се овозможи настава на мајчин јазик, сепак **1/3 од децата не учат на својот мајчин јазик, при што кај овие деца особено доминираат децата запишани во средно образование.** Ова е посебно истакнато кај **децата од ромска заедница, кои заедно со децата од влашката заедница имаат можност на изборни предмети за изучување на нивниот јазик и култура, но не и на целосна настава на мајчин јазик.** Според наодите, дел од децата од албанската етничка заедница кои одбрале да се школуваат на македонски јазик имаат сериозни тешкотии со совладување на јазикот.

И според наставниците вклучени во истражувањето и според децата, учебниците се делумно јасни, а 1/3 од децата истакнаа дека не учат од учебници напишани на нивниот мајчин јазик**. Особено во средното стручно образование може да се каже дека недостигаат учебници по одредени предмети.**

Раководството и наставниот кадар од училиштата укажа дека **постои своевиден пад во квалитетот на наставните содржини и методи што се користат,** како и **недостиг на стратешка ориентација во примената на постојаните реформи и секако континуитет во следење на ефектите од нив.**

Од друга страна, и покрај постојаните активности на БРО со цел да им даде поддршка на наставниците преку подготовка на наставни концепции, алатки и испорака на обуки**, се чини дека има недостиг во опфатот на наставниците со оваа поддршка.** Клучната реформа што ја презема МОН е **подготовка на националните стандарди засновани на компетенции.** Воведувањето на системот за учење според Кембриџ во основното образование од стручните лица е оценет како **мошне напредна реформа,** но сепак поради одредени пропусти во приспособувањето на наставниот материјал **неговото спроведување е отежнато.** Наставниците не се чувствуваат подготвени за примена на овој систем што често доведува до фрустрација кај нив, а од друга страна, и родителите се фрустрирани бидејќи не го разбираат системот и не можат соодветно да им помогнат на децата.

Според 48,5 % од децата вклучени во истражувањето, **просторот за наставата се чини дека е делумно соодветен и опремен за работа.** Има **големи разлики помеѓу техничката опременост во училиштата,** како и опременоста на просторот воопшто што укажува на **непостоење на стратешки пристап во овој сегмент.**

Иако е евидентно дека денеска технолошките помагала се користат многу повеќе во наставата наспроти 2009 година, сепак **многу училишта не располагаат со основни технолошки средства, како што се компјутери, паметни табли и сл.** Недостигот на технолошка опрема стана особено евидентен во услови на пандемија кога се очекуваше и од родителите и од децата и од наставниците максимално да се вклучат во системот на настава на далечина, без притоа да се има увид во капацитетите на засегнатите страни да учествуваат во ваков тип на настава, како и во снабденоста со опрема. Во пресрет на очекуваниот втор бран во пандемијата од септември, МОН во соработка со БРО изготви Концепција за учење на далечина[23] која беше во еден краток период јавно достапна за коментари од страна на јавноста. Исто така, Канцеларијата на УНИЦЕФ во соработка со организацијата Реактор спроведе истражување помеѓу родителите и децата за нивните ставови за наставата на далечина, а еден дел од ГО дадоа и свои видувања и коментари на Концепцијата. Главните забелешки се однесуваа на немањето сеопфатен пристап при изготвување на Концепцијата која потребите на родителите и децата ги стави во заден план.

Евидентно е дека **се намалува бројот на ученици во класовите,** посебно во основното образование, **што е резултат на намалениот наталитет и зголеменото иселување од** државата и не е поврзано со никакви мерки за подобрување на квалитетот на наставата. Половина од децата вклучени во истражувањето изјавија дека учат во класови помеѓу 20 – 25 ученици, додека во истражувањето од 2009 година доминантен дел од децата учеле во класови 25 – 30 ученици**. Децата во средното образование учат во класови главно со над 30 деца.** Бројот на деца во основно образование во 2019/2020[24] година опаднал за 23 141 во однос на 2009/2010 година. Бројот на деца во средно образование во учебната 2019/2020[25] опаднал за 25 363 во однос на 2009/2010 година. Сепак, бројот на деца во класовите во средно образование останува поголем поради воведената задолжителност на средното образование, што предизвикува поголемо транзитирање на децата од основно во средно образование, при што бројот на класови не се зголемува.

Исто така, една од претпоставките е дека родителите на децата што се средно образование или завршуваат средно образование поретко донесувале одлуки да мигрираат, а и наталитетот во периодот кога се родени децата што сега се средно образование бил поголем и изнесувал 13 % во 2000 од кога бележи константен пад сè до 10,3 % во 2018 година.[26]

Според наодите од истражувањето, поголем дел од децата не членуваат во секции, а од друга страна, **секциите остануваат најефективниот механизам за спроведување воннаставни активности**.[27] Сепак, наместо секции, голем дел од училиштата имаат клубови, проекти и сл. во одредени области преку кои ги ангажираат учениците. Опфатот на децата со ПОП, како и децата од руралните средини во воннаставни активности останува предизвик поради немањето на соодветен пристап кој ќе одговори на нивните потреби.

VI

[23] http://mrk.mk/wp-content/uploads/2020/07/%D0%9A%D0%BE%D0%BD%D1%86%D0%B5%D0%BF%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D1%87%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0_.pdf

[24] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__OsnovnoObrazovanie__PocetokUcebna/175_osnucil_op_poct2_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=ec783b5e-ab4c-4cf6-ade3-19bc5f8fde47; пристапено на 20.6.2020.

[25] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__ObrazovanieNauka__SrednoObrazovanie__PocetokUcebna/175_sredniucilista_rm_t2_ml.px/table/tableViewLayout2/?rxid=ec783b5e-ab4c-4cf6-ade3-19bc5f8fde47; пристапено на 20.6.2020

[26] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__Vitalna/275_VitStat_Reg_StVitNas_mk.px/table/tableViewLayout2/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef; пристапено на 20.6.2020

[27] Концепција за воннаставни активности, МОН, март 2020 г. достапно на македонски јазик на: https://www.bro.gov.mk/%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%86%d0%b5%d0%bf%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b2%d0%be%d0%bd%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82/

Значаен дел од **училиштата вклучени во истражувањето се пријавуваат на натпревари** и имаат добри резултати**, но државата сè уште не ги покрива трошоците за одење на натпревар на учениците.** Тие се покриваат или самостојно од страна на учениците или преку заеднички фондови на училиштето. При тоа дури 82 % од децата вклучени во истражувањето спроведено од Коалицијата СЕГА изјавија дека зеле учество на некој натпревар.

Тимската работа се истакнува како вредност која најчесто е применувана во училиштата, при што **во средните училишта најчесто применувана вредност е меѓусебната почит.**

Учениците вклучени во истражувањето истакнаа дека **во училиштето им недостига креативност кај наставниците, подобри просторни услови и воннаставни активности**, додека пак **наставниците имаат потреба од нови и јасни учебници, повеќе обуки, образовни ресурси.**

Според НП, не секогаш се води сметка за мешаниот етнички состав на учениците при формирање на паралелките во училиштата. Исто така, загрижува тенденцијата за формирање на чисти етнички паралелки, особено во средните училишта, како и одбивањето на родителите да ги запишат своите деца во училишта, односно паралелки каде што учат припадници од други заедници. Од ова истражување произлегува заклучокот дека паралелки со чист етнички состав се формираат и поради јазикот на којшто се изведува наставата.

Со Законот за основно образование донесен во 2019 година, за разлика од претходниот закон, интеркултурната и мултикултурната димензија во образовниот процес многу подетално е опфатена, а не само во целите на законот.

Во новиот Закон има посебна целина која ја третира интеркултурната и мултикултурната димензија на образовниот процес, вклучително и обезбедување на средства за реализација на активности. **Раководството и наставниот кадар на училиштата вклучени во истражувањето истакнаа дека многу се вклучени во активности за меѓуетничка интеграција.** Опфатот на овој тип активности во наставните програми е поголем и позначаен.

Децата вклучени во истражувањето изјавија дека **преку учебниците најмногу дознаваат за културата, историјата и традицијата на сопствениот народ,** а од етничките заедници **најдобро ги познаваат македонската и албанската.** Во поткрепа на подобрата меѓуетничка интеграција е и податокот дека во **2009 година само македонската заедница била меѓу оние каде што учениците изјавиле дека најдобро ги познаваат.**

2. Коментар на извештајот од државата

Опфатот на децата што се надвор од образовниот систем е клучен проблем во образованието, а во извештајот на државата нема речиси никакви податоци за овој проблем. Изложените податоци во овој Алтернативен извештај преку студијата спроведена од УНИЦЕФ укажуваат на особено алармантна состојба кај деца од ромска националност кои во значително поголем дел остануваат надвор од образовниот систем за разлика од децата од другите заедници. Извештајот на државата укажува само на мерките за стипендирање и туторство кои се преземаат со цел да се задржат оние деца што веќе влегле во системот на образование. Исто така, во извештајот на државата нема никакви податоци околу опфатот на децата со ПОП во образовниот систем. И покрај спроведувањето интегрална евалуација на училиштата од страна на Државниот просветен инспекторат, во извештајот на државата не се

вклучени податоци за квалитетот на наставата ниту пак за ефектите од преземените реформи. Недостигаат транспарентни податоци за инфраструктурните и технолошките зафати што ги презема државата ниту пак за критериумите по кои се избираат училиштата во кои се вршат вакви зафати. Иако државата ја поддржува активно меѓуетничката интеграција на училиштата, во извештајот не се наведени податоци за ефектите од издвоените средства во таа намена.

3. Препораки

Пристап до образование

- Да се подготват регулативи за да се **зајакне евиденцијата и размената на податоци помеѓу институциите на локално ниво** во однос на децата што се надвор од образовниот систем, како и децата со ПОП. Да се зајакне системот на следење на опфатот на децата преку Просветниот инспекторат до училиштата и општините.
- Да се прошири **опфатот на децата преку обезбедување стипендии** по примерот на успешните модели за стипендирање, како во основното така и во средното образование.
- Да се спроведат **обуки за наставниците** согласно со Концепцијата за инклузивно образование со цел да се вклучи и да се следи напредокот на децата што се со надмината возраст, а се вклучени во редовното образование.
- Да се продолжи со активностите за **што поголем опфат на ромските семејства и нивна едукација со цел** да се намалат препреките за опфат на децата во образованието, посебно на децата во средното образование, како и да се зајакнат теренските активности во таа насока.
- Да се зајакне примената на законските одредби за вклучување на децата со ПОП и попреченост во редовното образование преку **доделување образовни асистенти кои асистираат во наставниот процес, им асистираат на наставниците и на учениците согласно со Концепцијата за инклузивно образование, да се обезбедат финансиски мерки и да им се обезбеди поддршка на училиштата со стручен кадар за работа со децата.**
- Да се испланираат **редовни активности за сензитивизирање како на децата така и на родителите и наставниците** за прифаќање на децата со ПОП како редовни ученици во училиштето.
- Да се испланираат **редовни активности за сензитивизирање како на децата така и на родителите и наставниците** за прифаќање на децата со ПОП како редовни ученици во училиштето.
- Да се испланираат **редовни активности за сензитивизирање како на децата така и на родителите и наставниците** за прифаќање на децата со ПОП како редовни ученици во училиштето.

Квалитет на образование и интеркултурни активности

- МОН и БРО да подготват **јавна база со податоци за преземените инфраструктурни и технолошки зафати во училиштата,** критериумите за избор на училиштата во кои се вршат вакви зафати, како и информации за издвоените средства за секое училиште.
- Да се **унапреди квалитетот на наставните содржини** и да се зајакнат капацитетите на кадарот за примена на интерактивни и иновативни методи за настава во согласност со Националните стандарди за компетенции на децата во основно образование.

VI

- Да се создаде **простор за функционирање на механизмите за учество на децата во донесувањето на одлуки и во ситуации на изведување на настава на далечина**.
- Да се **реформира гимназиското образование** и да се обезбедат **соодветни учебници за средното стручно образование.**
- **Да се подобри квалитетот на учебниците преку дополнување на наставните содржини за правата на децата и воведување и ревизија на родово сензитивни содржини.**
- Да се подобрат **вештините на наставниот кадар за активна употреба на технолошки помагала и дигитални алатки** во наставата, како и вештини за реализација на наставата преку интернет.
- **Да се зголеми бројот на деца кои учествуваат во воннаставни активности**, посебно децата со посебни потреби и децата кои доаѓаат од руралните средини.
- Да се продолжи со **активности за меѓуетничка интеграција** по примерот на досегашните модели на размена помеѓу училиштата.

VII. Прилози

Прилог 1 – Податоци за опфатот и структурата на испитаниците и институциите вклучени во истражувањето

1. Опфат на примерокот во спроведената анкета со деца

Структура според пол

пол	Фреквенција	%
Женски	940	58,5
Машки	666	41,5
Вкупно	1 606	100

Структура според степен на образование

Степен на образование	Фреквенција	%
Основно	724	45,1
Средно	822	54,9
Вкупно	1 606	100

Структура според вид на училиште

Вид на училиште	Фреквенција	%
Проектни училишта	579	36
Непроектни училишта	1 026	63,9
Не одговорил	1	0,1
Вкупно	1 606	100

Структура според етничка припадност

Етничка припадност	Фреквенција	%
Македонци	1 236	77
Албанци	223	13,9
Турци	49	3,1
Роми	42	2,6
Власи	17	1,1
Срби	10	0,6
Друго	29	1,8
Вкупно	1 606	100

Структура според место на живеење

Место на живеење	Фреквенција	%
Град	1 303	81,1
Село	303	18,9
Вкупно	1 606	100

2. Структура и опфат на примерокот во спроведената анкета со наставници

Структура според пол

Пол	Фреквенција	%
Женски	**287**	**82**
Машки	**63**	**18**
Вкупно	**350**	**100**

Структура според етничка припадност

Етничка припадност	Фреквенција	%
Македонци	301	86
Албанци	36	10,3
Турци	5	1,4
Роми	/	/
Власи	4	1,1
Срби	1	0,3
Бошњаци	1	0,3
Друго	2	0,6
Вкупно	350	100

3. Структура на спроведени интервјуа со општини, училишта, граѓански организации и центри за социјална работа

Општина	Основно училиште	Средно училиште	Граѓанска организација	Центар за социјална работа	Вкупно
Гази Баба	4	1	3	1	9
Карпош	2	3	3	0	8
Кисела Вода	3	2	3	0	8
Чаир	2	1	2	1	6
Шуто Оризари	2	1	2	1	6
Карбинци	1				1
Кочани	3	1	3	1	8
Штип	3	3	2	1	9
Крива Паланка	1	1	1	1	4
Куманово	4	3	2	1	10
Гевгелија	2	1	2	1	6
Радовиш	2	1	2	1	6
Струмица	2	3	2	1	8
Велес	2	3	2	1	8
Кавадарци	4	2	2	1	9
Свети Николе	1	1	1	1	4
Битола	4	3	2	1	10
Прилеп	4	4	3	1	12
Долнени	1	0			1
Гостивар	3	4	2	1	10
Тетово	3	3	2	1	9
Дебар	3	1	2	1	7
Кичево	2		1	1	4
Охрид	3	3	2	1	9
Струга	2	2	2	1	7
Вкупно	**63**	**47**	**48**	**21**	**179**

Мисија

Коалицијата на младински организации СЕГА работи на развивање и примена на младински политики на локално и национално ниво, ги поврзува и јакне младинските организации со цел активирање на младите и подобрување на условите за нивен личен и професионален развој.

Коалиција на младински организации СЕГА

Адреса: Цар Самоил 18, 7500, Прилеп, Р.С. Македонија
Телефон: +389 48 429 390
Веб: www.sega.org.mk
Емаил: sega@sega.org.mk

Pestalozzi Children's Foundation

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Алтернативен Извештај за Конвенцијата за правата на детето во Северна Македонија“, поддржан од Детската Фондација Песталоци, а имплементиран од страна на Коалиција на младински организации СЕГА. Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Детската Фондација Песталоци.